ФЗОРСМ
FSSHRMV

**Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**
**Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut**

Број: 04-628/
20.01.2023 год.
Скопје

Врз основа на Член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Сл. весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Директорот на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија донесе:

## О Д Л У К А
**за избор на кандидат по Интерен оглас бр. 01/2022 за унапредување на административен службеник**

1. Кандидатот **ВЕСЕЛИН СТОЈЧЕВСКИ**, по пат на Интерен оглас бр. 01/2022 се избира на работно место под бр. 9. **ШЕФ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НАДОМЕСТОЦИ И ПРИДОНЕСИ, со звање Шеф на одделение во подрачна служба и шифра на работно место ФЗО0102Б04006, Одделение за надоместоци и придонеси, во ПС Битола**, во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

2. Изборот е извршен врз основа на Финалната ранг листа на интервјуирани РАКОВОДНИ КАНДИДАТИ и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас бр. 01/2022 составен дел на Записникот од извршената селекција за унапредување на РАКОВОДЕН АДМИНИСТРАТИВЕН СЛУЖБЕНИК заради сроведување на интервју по Интерен оглас бр. 01/2022 со бр. 04-628/2 од 17.01.2023 година.

3. Кандидатот ќе биде унапреден на работното место од точка 1 по конечноста на ова одлука.

4. Ова одлука влегува во сила со денот на неговото донесување.

### *О б р а з л о ж е н и е*

Врз основа на добиено Известување бр. 18-12966/2 од 20.12.2022 година од страна на Министерството за финансии на РСМ за одобрени финансиски средства, Директорот на ФЗОРСМ упати Барање бр. 04-19048/1 од 16.12.2022 година до Сектор за управување со човечки ресурси за отпочнување на постапка за унапредување на 13 (тринаесет) административни службеници во ФЗОРСМ. Одделението за управување со човечки ресурси објави Интерен оглас бр. 01/2022 на 26.12.2022 година на веб страната на ФЗОРСМ и на веб страната на Агенцијата за администрација, за унапредување на 13 (тринаесет) административни службеници во ФЗОРСМ. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, Комисијата за селекција за унапредување, формирана од страна на Директорот на ФЗОРСМ со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување бр. 04-119/1 од 04.01.2023 година, спроведе административна селекција и потоа се одржа интервју со уредниот кандидат кој што ги исполнува условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во ФЗОРСМ.

Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоените бодови од интервјуто, Комисијата за селекција за унапредување состави Записник од административната селекција по Интерен оглас бр. 01/2022 со бр. 04-628/1 од 11.01.2023 година и Записник од извршената селекција за


Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Fax: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk
[1] 04-628/4 [2023]

унапредување на РАКОВОДЕН АДМИНИСТРАТИВЕН СЛУЖБЕНИК заради сроведување на интервју по Интерен оглас бр. 01/2022 со бр. 04-628/2 од 17.01.2023 година.

Врз основа на Финалната ранг листа на интервјуирани РАКОВОДНИ КАНДИДАТИ и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас бр. 01/2022 составен дел на Записникот од извршената селекција за унапредување на РАКОВОДЕН АДМИНИСТРАТИВЕН СЛУЖБЕНИК заради сроведување на интервју по Интерен оглас бр. 01/2022 со бр. 04-628/2 од 17.01.2023 година и согласно горенаведеното, Директорот на ФЗОРСМ донесе одлука да се изврши избор на кандидатот како во диспозитивот.

По конечноста на ова одлука, за избираниот кандидат ќе се донесе Решение за унапредување на административен службеник и Решение за утврдување на плата.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенција за администрција, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на ова одлука на веб страната на ФЗОРСМ.

| ДИРЕКТОР | ДИРЕКТОР/DREJTORI |
| --- | --- |
| М-р Магдалена Филиповска Грашкоска | Faton Ahmeti, Mr.sc., MBA |

Изготвил: Куштрим Халили/Kushtrim Halili с.р.
Контролирал: Сузана Делева
Одобрил: Фатиме Идризи/Fatime Idrizi

Доставено до:

- Архива на ФЗОРСМ;
- Кандидатот;
- Сектор за управување со човечки ресурси на ФЗОРСМ;
- ФЗОРСМ - Подрачна служба Битола



Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup

Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Fax: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk